**20110471299**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 април 2011 година.

Бр. 07-1876/1
6 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

Член 1

Во Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 14/2006, 84/2007 и 35/10), во членот 6 точка 8 по зборовите: „карактеристични минерали и фосили“ сврзникот „или“ се заменува со запирка, а по зборовите: „спелеолошки објекти“ се додаваат зборовите: „или природна реткост“.

Точките 30 и 31се менуваат и гласат:

„30. **Истребен вид (EX)** е оној вид за кој постојат историски податоци за неговото постоење, но со интензивни истражувања во соодветните живеалишта не се најдени живи примероци или други живи форми на видот;

31. **Вид истребен во природата (EW)** е оној вид за кој е познато дека опстојува само како култивиран, одгледан во заробеништво или натурализирана популација надвор од познатиот ареал на распространување на видот, а со интензивни истражувања во соодветните живеалишта (во соодветно време) не се најдени живи примероци или други живи форми на видот;“.

По точката 31 се додава нова точка 31-а, која гласи:

„31-а. **Критично загрозен вид (CR)** е вид кој ги исполнува меѓународно прифатените критериуми за класификација во оваа категорија и врз основа на нив се смета дека се соочува со екстремно висок ризик од исчезнување во природата;“.

Точките 32 и 33 се менуваат и гласат:



www.pravdiko.com

„32. **Загрозен вид (EN)** е вид кој ги исполнува меѓународно прифатените критериуми за класификација во оваа категорија и врз основа на нив се смета дека се соочува со многу висок ризик од исчезнување во природата;

33. **Ранлив/чувствителен вид (VU)** е вид кој ги исполнува меѓународно прифатените критериуми за класификација во оваа категорија и врз основа на нив се смета дека се соочува со висок ризик од исчезнување во природата;“.

По точката 33 се додаваат три нови точки 33-а, 33-б и 33-в, кои гласат:

„33-а. **Близу засегнат вид (NT)** е вид кој не ги исполнува критериумите за критично загрозен, загрозен и ранлив/чувствитиелен вид, но е близу до исполнување на истите или веројатно ќе ги исполни во блиска иднина;

33-б. **Најмалку засегнат вид (LC)** е вид кој не ги исполнува критериумите за критично загрозен, загрозен, ранлив/чувствитиелен и близу засегнат вид. Во оваа категорија се вбројуваат широкораспространетите и бројните видови;

33-в. **Без доволно податоци (DD)** кога за видот не постојат доволно податоци, за да се направи директна или индиректна процена на ризикот од исчезнување;“.

Точката 50 се брише.

Точките 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59 и 60 стануваат точки 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58 и 59.

Во точката 61 која станува точка 60 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат три нови точки 61, 62 и 63, кои гласат:

„61. **Екосистемски услуги** се услугите кои заради природните карактеристики на едно подрачје се обезбедени и се достапни на сите субјекти, под кои особени се подразбираат следниве групи на услуги:

а) поддржувачки услуги кои се неопходни за продукција на сите други екосистемски услуги вклучително и формирање на почва, фотосинтеза, примарна продукција, кружење на хранливи материи и кружење на вода;

б) снабдувачки услуги се производи кои се добиваат од екосистеми, вклучително и храна, целулозни влакна, гориво, генетски ресурси, природни лекови и зачини, суровини за фармацевтската и биохемиската индустрија и водата за пиење;

в) регулирачки услуги се сите придобивки добиени од регулирањето на екосистемските процеси вклучително и регулирање на квалитетот на воздухот, прочистување на водата, регулирање на климата, регулирање и заштита од природни опасности (поплави, ерозија, наноси и свлечишта), контрола на штетници и заразни болести и опрашување и

г) културолошки услуги се нематеријални придобивки од екосистеми - културни, интелектуални и духовни придобивки (преку духовно збогатување, осознавање, инспирација и отсликување), рекреативниот туризам и естетските вредности, на начин на кој се води сметка за вредностите на пределите;

62. **Плаќање на екосистемски услуги** е операционализација на начелото „корисникот плаќа“ и подразбира плаќање на надоместоци или други плаќања утврдени преку доброволно преговарање заради постигнување на обврзувачки договор од корисниците на екосистемските услуги од една страна и субјектите кои управуваат со заштитеното подрачје од друга страна, со цел за одржување, заштита и управување со екосистемите на територијата на заштитеното подрачје од страна на субјектите кои управуваат со заштитеното подрачје и

63. **Корисници на екосистемски услуги** се правни или физички лица кои вршат дејност или активност за користење на природните ресурси надвор од подрачјето на заштитеното подрачје и кои заради екосистемските услуги со кои заштитеното подрачје обезбедува одржување на рамнотежата на екосистемите, а со тоа и можност за одржливо вршење на нивните дејности или активности, уживаат предност во однос на други правни или физички лица кои не ги користат природните ресурси надвор од подрачјето на заштитеното подрачје и немаат корист од екосистемските услуги на заштитеното подрачје.“



www.pravdiko.com

Член 2

Во член 16 ставот (1) се менува и гласи:

„Уредувањето и користењето на просторот во заштитените подрачја се спроведува во согласност со Просторниот план на Република Македонија, просторните и урбанистичките планови утврдени со закон, режимот на заштита утврден во актот за прогласување на заштитеното подрачје и националната еколошка мрежа и Планот за управување со заштитеното подрачје.“

Во ставот (3) точката 3 се менува и гласи:

„3) физичко географски карактеристики, местоположба во ГИС формат или во електронска форма (растер) преклопен со топографска карта.“

Во ставот (4) зборовите: „прибавено мислење“ се заменуваат со зборовите: „добиена согласност“.

Член 3

Во членовите 27 став (4), 32 став (2), 36 став (2) и 44 став (4) зборовите: „а по претходно прибавено мислење од Националниот совет за заштита на природата“ се бришат.

Член 4

Членот 34 се менува и гласи:

„(1) Дивите растителни, габни и животински видови се распоредуваат по следнава категоризација на нивната засегнатост:

1) истребени видови (EX);

2) видови истребени во природата (EW);

3) критично загрозени видови (CR);

4) загрозени видови (EN);

5) чувствителни видови (VU);

6) близу засегнати (NT);

7) најмалку засегнати (LC) и

8) без доволно податоци (DD).

(2) Засегнати видови се видовите од ставот (1) точки 3, 4 и 5 на овој член.

(3) Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, а по претходно прибавено мислење од Националниот совет за заштита на природата, донесува црвена листа на диви видови според категоризацијата од ставот (1) на овој член.

(4) За прикажување на описите, распространувањето, заканите и другите карактеристики на видовите од црвената листа, како и мерките за подобрување на состојбата на истите, се изработува црвена книга.

(5) Црвената листа и црвената книга ги воспоставува, одржува и ажурира надлежниот орган за вршење на стручни работи од областа на заштитата на природата во согласност со резултатите од спроведените научни анализи.

(6) Воспоставување на црвената листа се врши преку изработка на засебни листи за секоја поединечна таксономска група од растенија, габи и животни, согласно со програмата од членот 162 на овој закон.

(7) Ажурирањето на црвената листа се врши на секои десет години, а по потреба и порано.“

Член 5

Во членот 35 став (1) зборовите: „засегнатите диви“ се заменуваат со зборот „дивите“.

Ставот (2) се менува и гласи:



www.pravdiko.com

„Прогласените строго заштитени и заштитени диви видови се стекнуваат со статус на природно наследство.“

Во ставот (3) зборовите: „на засегнатоста на одредени видови“ се бришат, а зборот „определува“ се заменува со зборовите: „донесува листите на“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Листите на строго заштитени и заштитени диви видови се ажурираат најдоцна во рок од шест месеци по изготвувањето на листата за одделна таксономска група согласно со членот 34 став (6) на овој закон.“

Во ставот (5) зборовите: „кој повеќе не е засегнат“ како и запирката по нив се бришат.

Член 6

Во членот 41 точка 1 после зборот „ретки“ се додаваат зборовите: „на национално или меѓународно ниво“.

Во точката 2 по зборот „засегнати“ се додаваат зборовите: „на национално или меѓународно ниво“.

Член 7

Во членот 43 став (1) точката 1 се менува и гласи:

“1) стапици, јамки (примки), лепаци и куки;“.

Во точката 13 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 14, која гласи:

„14) висечки, хоризонтални, исфрлувачки и други типови мрежи и“.

Точката 14 станува точка 15.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Под сериозно вознемирување се подразбираат активности кои негативно влијаат врз дивите видови во периодот на размножување, преселба и зимување. Негативното влијание се согледува преку намалување на успехот на размножување и значителни промени во однесувањето и користењето на местата за одмор, мрестење, гнездење, митарење, преселба и зимување.“

Член 8

Во членот 51 став (3) зборовите: „можат да бидат дел од еколошката мрежа“ се заменуваат со зборовите: „се дел од националната еколошка мрежа“.

Во ставот (4) зборовите: „посебно еколошки значајни подрачја за птици“ се заменуваат со зборовите: „посебни заштитени подрачја за птици“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Како посебни заштитени подрачја за птици ќе бидат определени и подрачјата каде што редовно се појавуваат миграторни птици кои не се пропишани со листите од членот 35 став (3) на овој закон, доколку таквите подрачја се значајни за гнездење, митарење или презимување на миграторните птици или пак претставуваат попатно место за одмор при миграција, при што ќе се земат предвид водните живеалишта, нивната заштита, а особено водните живеалишта од меѓународно значење.“

Во ставот (6) зборовите: „еколошки значајни подрачја“ се заменуваат со зборовите: „посебно заштитени подрачја“.

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Како посебни подрачја за зачувување на природните живеалишта и дивите видови растенија габи и животни ќе бидат определени подрачјата со типови живеалишта кои се загрозени или значајни на ниво на Европската унија и подрачја на живеалишта на видови кои се заштитени на ниво на Европската унија.“

Ставот (7) станува став (8).

По ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) Во еколошки значајните подрачја не е дозволено преземање активности кои можат да доведат до нивно уништување или значајно или трајно оштетување, како и загуба на видовите и/или живеалиштата заради кои подрачјето е идентификувано како еколошки значајно.“

Член 9

Насловот на членот 52 и членот 52 се менуваат и гласат:

„Еколошки значајно подрачје за Европската унија - Натура 2000

Член 52

(1) Еколошки значајно подрачје за Европската унија - Натура 2000 е она подрачје кое е значајно за зачувување на дивите видови птици и други диви видови растенија и животни и нивните живеалишта, како и типовите живеалишта кои се прогласени за засегнати и/или заштитени на ниво на Европската унија. Во европската кохерентна еколошка мрежа Натура 2000 задолжително влегуваат посебните заштитени подрачја за птици и посебните подрачја за зачувување на природните живеалишта и дивите видови растенија габи и животни.

(2) Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата го утврдува предлогот на еколошките значајни подрачја за Европската унија - Натура 2000 и целите за зачувување, начинот на нивното управување на територијата на Република Македонија, мониторинг и други правила неопходни за нивна заштита, согласно со одредбите на овој закон.

(3) Со начинот на управувањето со еколошки значајните подрачја за Европската унија - Натура 2000 утврдени со актот од ставот (2) на овој член, се обезбедува зачувување и подобрување на карактеристиките значајни за зачувување на поволната состојба на типот на живеалиште или на дивиот вид.“

Член 10

Насловот на членот 53 и членот 53 се менуваат и гласат:

„Национална еколошка мрежа

Член 53

(1) Заради зачувување, одржување или обновување до поволна состојба на зачуваност на еколошки значајните подрачја се воспоставува национална еколошка мрежа.

(2) Еколошка мрежа претставува систем на меѓусебно поврзани или просторно блиски еколошки значајни подрачја, поврзани со природни или вештачки коридори, кои со урамнотежена биогеографска распореденост значително придонесуваат за заштитата на природната рамнотежа и биолошката разновидност.

(3) Во состав на националната еколошката мрежа влегуваат еколошки значајните подрачја, системот на еколошките коридори, системот на заштитени подрачја и подрачја предложени за заштита и еколошки значајните подрачја за Европската унија - Натура 2000.

(4) Владата на Република Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, а по претходно добиено мислење од Националниот совет за заштита на природата ја донесува националната еколошката мрежа, како и мерки за заштита на подрачјата од еколошката мрежа.



www.pravdiko.com

(5) При изработка на планските документи за организација, уредување, користење и заштита на просторот во Република Македонија задолжително се зема предвид националната еколошката мрежа од ставот (4) на овој член.

(6) Еколошките значајни подрачја за Европската унија - Натура 2000 од членот 9 на овој закон, ќе бидат дел од Националната еколошка мрежа од ставот (4) на овој член, по нивното усогласување со Европската комисија.“

Член 11

Членот 54 се менува и гласи:

„(1) Забрането е стопанисување со шумските екосистеми во заштитените подрачја.

(2) Зачувувањето на биолошката разновидност во шумските живеалишта и екосистеми се спроведува со заштита на шумите во рамките на заштитените подрачја, како и преку планот за управување со заштитеното подрачје и посебна Програма за управување на шумските живеалишта и екосистеми во заштитените подрачја.

(3) Зачувувањето и заштитата на шумските живеалишта и екосистеми во заштитените подрачја се обезбедува според принципите на одржлив развој, зачувување и одржување на природниот состав на видовите и нивна природна обнова, како и обезбедување и одржување на екосистемските услуги и на условите за поволна состојба на зачуваност на видовите и живеалиштата.

(4) Управувањето со шумските живеалишта и екосистеми во рамките на заштитените подрачја се врши согласно со Програма за управување со шумските живеалишта и екосистеми во заштитените подрачја, која е дел од Планот за управување со заштитеното подрачје.

(5) Пошумувањето во заштитените подрачја се врши со автохтони видови на дрвја, кои го обезбедуваат и одржуваат природниот состав на екосистемот и неговите услуги и обезбедуваат услови за поволна состојба на зачуваност на видовите и живеалиштата.

(6) Пошумувањето на нешумски површини се спроведува само ако со тоа не се загрозуваат ретките и загрозени типови на живеалишта на начин кој е уреден со Планот за управување со заштитеното подрачје и Програма за управување со шумските живеалишта и екосистеми во заштитените подрачја.

(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работата од областа на заштитата на природата ја утврдува содржината на Програмата за управување со шумските живеалишта и екосистеми во заштитени подрачја, начинот на нејзиното донесување и одобрување, начинот на реализација и надзор.

(8) Програмата од ставот (7) на овој член се изработува во рок од две години од денот на прогласувањето на заштитеното подрачје.“

Член 12

Членот 65 се менува и гласи:

„(1) Системот на заштитени подрачја се состои од заштитени подрачја и подрачја предложени за заштита.

(2) Системот на заштитени подрачје се воспоставува заради заштита на биолошката разновидност во рамките на природните живеалишта, процесите кои се случуваат во природата, како и абиотичките карактеристики и пределската разновидност.

(3) Со прогласувањето на подрачјето за заштитено тоа се стекнува со статус на природно наследство.“

Член 13

Членот 69 се менува и гласи:

„Субјектот задолжен за управување со строгиот природен резерват изработува план за управување со строгиот природен резерват.“



www.pravdiko.com

Член 14

Во членот 71 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Формата и содржината на образецот на дозволата за спроведување на активностите од ставот (1) точки 2, 3 и 4 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.“

Член 15

Членот 71-б се менува и гласи:

„Субјектот задолжен за управување со подрачјето на дивина изработува план за управување со подрачјето на дивина.“

Член 16

Во членот 71-г по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Формата и содржината на образецот на дозволата за спроведување на активностите од ставот (1) точки 2 и 4 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.“

Член 17

Во членот 75 став (2) зборовите: „екстензивно земјоделство и рибарство“ се менуваат со зборовите: „одржливо користење на природните ресурси“.

Член 18

Во членот 92 став (3) по зборот “природата“ се става точка, а зборовите: “во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството“ се бришат.

По ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Заради утврдување на реалната состојба и обезбедување на стручна основа за изработка на актот за прогласување на заштитено подрачје се изработува Студија за валоризација или ревалоризација на заштитеното подрачјето.

(6) Содржината на студијата ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.“

Во ставот (5) кој станува став (7) зборовите: „вцртани граници на распространување на заштитеното подрачје“ се менуваат со зборовите: „граници на заштитеното подрачје и границите на зоните од членот 93 на овој закон кои постојат во рамките на заштитеното подрачје“.

Ставовите (6), (7) и (8) стануваат ставови (8), (9) и (10).

Член 19

Во член 94 ставот (1) се менува и гласи:

„Предлог за прогласување на строг природен резерват, подрачје на дивина, национален парк, споменик на природата, парк на природата, заштитен предел, повеќенаменско подрачје и природна реткост можат да дадат органите на државната управа, советот на општината, советот на опшината од градот Скопје и Советот на градот Скопје на чие подрачје се наоѓаат истите, како и други научни установи, други органи, организации, институциии и здруженија на граѓани.“

Во ставот (3) по зборот „студија“ зборовите: „за основаноста на предлогот“ се заменуват со зборовите: „за валоризација или ревалоризација на подрачјето“.

Член 20

Во членот 95 по ставот (2) се додаваат три нови става (3), (4) и (5), кои гласат:

„(3) Јавната расправа се спроведува на подрачјето на општината на чијашто територија се наоѓа заштитеното подрачје.

(4) Учесниците во јавната расправа, во рок од десет работни дена по одржувањето на јавната расправа, можат да достават свои забелешки по предлогот за прогласување на заштитено подрачје до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата.

(5) За спроведената јавна расправа се изработува извештај.“

Член 21

Во членот 96 став (2) зборот „мислење“ се заменува со зборот „извештај“.

Член 22

Во членот 98 став (3) по точката 3 се додаваат две нови точки 4 и 5, кои гласат:

„4) мерки за управување со шумските живеалишта и екосистеми во заштитените подрачја;

5) мерки за управување со просторот;“.

Точките 4, 5 и 6 стануваат точки 6, 7 и 8.

Ставот (5) се менува и гласи:

„До донесување на планот за управување субјектот кој управува со заштитеното подрачје подготвува годишна програма за заштита на природата во рок од три месеци од денот на прогласувањето на подрачјето за заштитено.“

По ставот (5) се додаават три нови става (6), (7) и (8), кои гласат;

„(6) Годишната програма за заштита на природата се донесува по претходно добиена согласност од надлежниот орган за вршење на стручни работи од областа на заштитата на природата.

(7) Субјектот кој управува со заштитеното подрачје подготвува годишен извештај за спроведување на планот за управување од ставот (1) на овој член и го доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата најдоцна до 31 јануари во тековната година со податоци од претходната година.

(8) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата ја пропишува содржината на годишниот извештај.“

Ставот (6) станува став (9).

Член 23

Во членот 99 став (2) зборовите: „најдоцна до истекот на седмата година од денот на донесување на планот“ се заменуваат со зборовите: „по истекот на петтата година од спроведувањето на планот за управување со заштитеното подрачје и по потреба се врши ревизија на ист начин како што е донесен планот“.

Член 24

Во членот 108 ставот (2) се менува и гласи:

„Чуварската служба во заштитените подрачја ја сочинуваат чувари во заштитени подрачја кои ги назначува органот кој раководи со субјектот кој управува со заштитеното подрачје.“

Член 25

Насловот на членот 109 и членот 109 се менуваат и гласат:



www.pravdiko.com

„Службена униформа, опрема и оружје на чуварската служба

Член 109

(1) Припадниците на чуварската служба при вршењето на службената должност носат службена униформа, опрема, оружје и палка за застанување, а својот идентитет го докажуваат со службена легитимација.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата го пропишува изгледот и видот на службената униформа, нејзината трајност и начинот на користење - носење на опремата што треба да ја носат чуварите и содржината и формата на службената легитимација, како и начинот на издавањето и одземањето на легитимацијата.

(3) Начинот на користење и чување на огнено оружје кое го поседуваат припадниците на чуварската служба го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи во согласност со одредбите на овој и друг закон.

(4) Службената легитимација се користи само при вршењето на законските надлежности на чувар во заштитено подрачје.

(5) Чуварот не смее да ја дава на користење на други лица службената легитимација.“

Член 26

Во членот 113 став (1) по зборовите: „во согласност со“ се додаваат зборовите: „актот за прогласување на заштитеното подачје, планот за управување, како и во согласност со“.

Во ставот (3) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и со планот за управување со заштитеното подрачје“.

Член 27

Членот 135 се менува и гласи:

„(1) Управувањето и заштитата на заштитените подрачја го вршат субјекти задолжени за управување под услов и на начин утврдени со актот за прогласување и овој закон.

(2) Управувањето, надзорот и заштитата на националните паркови го вршат јавни установи - Национален парк согласно со одредбите на овој закон и актот за прогласување на националниот парк.

(3) Доколку спомениците на природа и парковите на природата се помали од 100 ха можат да се групираат и согласно со актот за прогласување, да бидат управувани од еден субјект за управување, или пак да бидат управувани од субјектот кој управува со поголемо соседно подрачје.

(4) Доколку постои преклопување на територииите на заштитените подрачја со различна категорија на заштита, со актот за прогласување може да се утврди истите да бидат управувани од еден субјект за управување.

(5) Управувањето и заштитата со повеќенаменското подрачје од членот 88 став (2) на овој закон, го врши јавно претпријатие основано од Владата на Република Македонија, согласно со закон.

(6) Надзорот врз управувањето и заштитата на заштитените подрачја го врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.“

Член 28

По членот 135 се додава нов член 135-а, кој гласи:

„Субјект кој управува со заштитено подрачје

Член 135-а

(1) Субјектот којшто ќе управува со заштитеното подрачје треба да располага со човечки, административни, просторни, технички и финансиски ресурси.

(2) Критериумите, односно минималните услови што треба да ги исполнува субјектот за управување со заштитено подрачје во поглед на бројот и екипираноста со човечки ресурси и техничка опременост, потребни за ефикасно управување со заштитеното подрачје, ги утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата за секоја категорија на заштитени подрачја од членот 66 став (1) на овој закон.

(3) Субјектите задолжени за управување со заштитеното подрачје, управуваат интегрално со целото заштитеното подрачје. Заради остварување на интегралното управување субјектите задолжени за управување со заштитеното подрачје склучуваат спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјектите кои вршат дејност или активност во заштитеното подрачје, на кои согласност дава Владата на Република Македонија.

(4) Заради ефикасно управување со заштитеното подрачје субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје во рок од три месеци од неговото назначување формира:

- совет на засегнати страни и
- научен совет,

како консултативни тела на субјектот.

(5) Научен совет се формира за сите категории на заштитени подрачја освен за заштитени подрачја со површина помала од 100 ха и заштитени подрачја од категоријата VI од членот 66 став (1) на овој закон.

(6) Советот на засегнати страни го сочинуваат претставници на:

1) единиците на локалната самоуправа и урбаните и месни заедници чија територија како целина или како дел се преклопува со територијата на заштитеното подрачје;

2) локални здруженија на граѓани од областа на заштитата на животната средина и природата;

3) подрачни единици на органите на државната управа, државни јавни претпријатија и установи кои вршат дејности и активности на територијата на заштитеното подрачје;

4) локални јавни претпријатија и установи кои вршат дејности и активности на територијата на заштитеното подрачје и

5) други правни лица кои вршат дејности и активности за користење на природните ресурси на територијата на заштитеното подрачје.

(7) Научниот совет го сочинуваат претставници на државни и локални установи, како и други правни лица регистрирани за вршење на научноистражувачка дејност од областа на биолошката и геолошката разновидност, како и лица кои самостојно вршат научноистражувачка дејност од областа на биолошката и геолошката разновидност.

(8) Советот на засегнати страни дава мислења и предлози по однос на предлогот на планот за управување со заштитеното подрачје, предлогот за ревизија на планот за управување со заштитеното подрачје и спроведувањето на одделните програми од планот за управување со заштитеното подрачје од аспект на интересите на засегнатите страни.

(9) Научниот совет дава мислења и предлози по однос на предлогот на планот за управување со заштитеното подрачје, предлогот за ревизија на планот за управување со заштитеното подрачје и спроведувањето на одделните програми од планот за управување со заштитеното подрачје од научен аспект.



www.pravdiko.com

(10) Членовите на Советот на засегнати страни и членовите на Научниот совет имаат мандат од пет години.

(11) Субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје е должен да ги свика советите најмалку еднаш годишно.

(12) Советите од ставот (9) на овој член донесуваат деловник за својата работа кој се одобрува од страна на органот кој управува со субјектот за управување со заштитеното подрачје.“

Член 29

Членот 141-а се менува и гласи:

„Јавната установа - Национален парк се финансира од:

1) надоместок за влез и посета на национален парк;

2) надоместок за паркирање во национален парк;

3) надоместок за посета на посебни објекти во национален парк;

4) надоместок за собирање на диви видови растенија габи и животни и нивни делови и одржливо користење на природните ресурси (управување со шумските живеалишта и екосистеми во национални паркови и слично);

5) надоместок за престој во национален парк;

6) средства стекнати за вршење на активности согласно со членовите 105 и 106 од овој закон;

7) надоместок за вршење на дејност или активност во национален парк;

8) надоместок за пловидба во национален парк;

9) надоместок за употреба на лого на национален парк на производи и услуги за комерцијална употреба;

10) надоместок од екосистемски услуги;

11) Буџетот на Република Македонија;

12) буџети на единиците на локалната самоуправа на чие подрачје се наоѓа заштитеното подрачје и

13) други извори (донации, грантови, кредити, обновливи кредити, подароци, легати и друго).“

Член 30

Членот 146 се менува и гласи:

„Националниот совет за заштита на природата ги разгледува и дава мислење по следните прашања, и тоа за:

1) Законот за заштита на природата и актите со кои се врши прогласување на заштитени подрачја;

2) донесувањето на листата на загрозени видови (црвена листа) и мерките за подобрување на состојбата на загрозените видови (црвена книга);

3) прогласувањето на строго заштитените и заштитените диви видови;

4) донесување на стратешките документи во однос на заштита на природата;

5) утврдувањето на националната еколошка мрежа;

6) прифатливоста на предлогот за прогласување на заштитено подрачје;

7) донесувањето на Националната стратегија за заштита на природата и

8) за други работи во согласност со овој закон.“

Член 31

Членот 149 се менува и гласи:

„(1) Заштитените подрачја, привремено заштитените делови од природата за кои се води постапка за прогласување за заштитени подрачја, природното наследство, како што



www.pravdiko.com

се спелеолошките објекти и карактеристичните минерали и фосили, дивите видови и степенот на нивна заштита и природните реткости се запишуваат во Евиденцијата за заштита на природата.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член ја води надлежниот орган за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

(3) Евиденцијата за заштита на природата како јавна книга се состои од:

1) катастар на заштитени подрачја и

2) регистар на природно наследство.

(4) Секое заштитено подрачје, привремено заштитениот дел од природата за кој се води постапка за прогласување за заштитено подрачје, како и природното наследство се запишуваат во Евиденцијата под единствен регистарски број.

(5) Надлежниот орган за вршење на работите од областа на заштитата на природата при уписот на податоците во Евиденцијата за заштита на природата може да одлучи одредени податоци од истата да бидат тајни заради остварување на целите на заштитата на природата.

(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата ги пропишува податоците кои се запишуваат во Евиденцијата за заштита на природата, составот и формата на водење на податоците од ставот (3) на овој член, начинот и рокот на упишување на податоците во Евиденцијата, начинот на определувањето и водење на регистарскиот број, начинот на водење и формата и содржината на обрасците на кои се води евиденцијата, начинот на чување и архивирање на евиденцијата, како и начинот и можностите за користење на податоците од евиденцијата.

(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата го утврдува надоместокот за користење и издавање на изводи од евиденциите за заштита на природата кој се определува врз основа на реалните трошоци што ги сноси органот заради користење и издавање на изводите од евиденциите за заштита на природата.

(8) Надоместокот за користење и издавање на изводи од евиденциите за заштита на природата определена со прописот од ставот (7) на овој член, треба да биде разумна и да не ги надминува реалните трошоци направени заради користење и издавање на изводите од евиденциите за заштита на природата.

(9) Податоците од евиденциите за заштита на природата се дел од Информативниот систем за животна средина.

(10) Средсвата од ставот (7) на овој член се приход на Буџетот на Република Македонија.“

Член 32

По членот 149 се додава нов поднаслов и нов член 149-а, кои гласат:

„IV 1. Катастар на заштитени подрачја

Катастар на заштитени подрачја

Член 149-а

(1) Заштитените подрачја и деловите на природата под привремена заштита се запишуваат во катастар на заштитени подрачја. Во катастарот се запишува секоја промена кај заштитеното подрачје, како и укинувањето на заштитата.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, со актот од членот 149 став (6) на овој

закон, ги пропишува податоците кои се запишуваат во катастарот на заштитените подрачја, начинот на воспоставување и водење на податоците, како и формата и содржината на образецот на катастарот на заштитените подрачја.

(3) Со актот од ставот (2) на овој член се утврдуваат и начинот и можностите за користење на податоците од катастарот. “

Член 33

Во членот 150 ставот (1) се менува и гласи:

„Строго заштитените и заштитените диви видови, фосилите и карактеристичните минерали и природните реткости се запишуваат во регистарот на природно наследство.“

Ставот (2) се брише.

Во ставот (3) кој станува став (2) зборовите: „посебен пропис“ се заменуваат со зборовите: „со актот од членот 149 став (6) на овој закон“, а по зборот „формата“ се додаваат зборовите: „и содржината“.

Ставот (4) и (5) се бришат.

Ставот (6) станува став (3).

Член 34

Во членот 151 ставот (1) се брише.

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (1), (2) и (3).

Член 35

Во членот 152 ставот (6) се менува и гласи:

„Податоците од евиденцијата на промет и други активности со заштитени видови се дел од Информативниот систем за биолошка разновидност како дел од Информативниот систем за животна средина.“

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Средствата од надоместокот од ставот (5) на овој член се приход на Буџетот на Република Македонија.“

Член 36

Насловот на поглавието IV.4 насловот на членот 153 и членот 153 се менуваат и гласат:

„IV 4. Национален информативен систем за биолошка разновидност

Воспоставување на национален информативен систем за биолошка разновидност

Член 153

(1) Национален информативниот систем за биолошка разновидност го воспоставува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата со цел да се зајакне управувањето и донесувањето одлуки за заштита на биолошката разновидност преку примена на соодветни информатички технологии.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата ги пропишува начинот и постапката за воспоставување и одржување на националниот информативен систем за биолошка разновидност, вклучително и техничките и функционалните барања на системот, размената на податоци и пристапот до податоците.

(3) Националниот информативен систем за биолошка разновидност е составен дел од Информативниот систем за животна средина.“



www.pravdiko.com

Член 37

Членот 161 се менува и гласи:

„Средства за заштитата на природата се обезбедуваат од:

1) Буџетот на Република Македонија;

2) буџетите на единиците на локалната самоуправа на чие подрачје се наоѓа заштитеното подрачје;

3) надоместок за влез и посета на заштитено подрачје;

4) надоместок за паркирање во заштитеното подрачје;

5) надоместок за посета на посебни објекти во заштитеното подрачје;

6) надоместок за собирање на диви видови растенија габи и животни и нивни делови и одржливо користење на природните ресурси (управување со шумските живеалишта и екосистеми во заштитениео подрачја и слично);

7) надоместок за престој во заштитено подрачје;

8) средства стекнати со вршење на активности согласно со членовите 105 и 106 од овој закон;

9) надоместок за вршење на дејност или активност во заштитено подрачје;

10) надоместок за употреба на лого на заштитено подрачје на производи и услуги за комерцијална употреба;

11) надоместок за пловидба во заштитено подрачје; 12)

надоместок од екосистемски услуги и

13) други извори (донации, грантови, кредити, обновливи кредити, подароци, легати и друго).“

Член 38

Членот 162 се менува и гласи:

„(1) Во Буџетот на Република Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа се обезбедуваат средства за заштита на природата.

(2) На предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, Владата на Република Македонија донесува годишна програма за заштита на природата.

(3) Средствата од ставот (1) на овој член се користат за реализација на целите определени во Националната стратегија за заштита на природата, за изработка и спроведување на плановите и програмите за заштита на природата, плановите за управување со заштитените подрачја, изработка и ажурирање на црвената листа на диви видови и црвената книга, како и други планови и програми кои се донесуваат врз основа на овој закон.

(4) Мерките и активностите утврдени во програмата од ставот (2) на овој член ги спроведуваат органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата и субјектите за управување со заштитените подрачја.“

Член 39

Во членот 163 ставот (4) се менува и гласи:

„Обврзници за плаќање на надоместок за собирање на диви видови растенија габи и животни и нивни делови и одржливо користење на природните ресурси се сите физички и правни субјекти кои ги користат природните ресурси во заштитеното подрачје.“

По ставот (5) се додаваат три нови става (6), (7) и (8), кои гласат:

„(6) Обврзници за плаќање на надоместок за вршење на дејност или активности во заштитено подрачје се физичките и правните субјекти кои вршат дејности или активности на територијата на заштитеното подрачје.

(7) Обврзници за плаќање на надоместок за употреба на лого на заштитено подрачје се сите физички и правни лица кои го користат логото на заштитеното подрачје на производи и услуги за комерцијална употреба.

(8) Обврзници за плаќање на екосистемските услуги се правните и физичките лица кои се корисници на екосистемските услуги на заштитеното подрачје.“

Член 40

Во членот 164 ставот (4) се менува и гласи:

„Обврската за плаќање на надоместок за одржливо користење на природните ресурси настанува со денот на издавањето на дозвола за собирање на диви видови растенија габи и животни и нивни делови, односно издавањето на документ за користењето на природните ресурси.“

По ставот (5) се додаваат три нови става (6), (7) и (8), кои гласат:

„(6) Обврската за плаќање на надоместокот за вршење на дејност или активности во заштитено подрачје настанува со денот на склучувањето на спогодбите за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјектите кои вршат дејност или активност согласно со членот 135-а на овој закон.

(7) Обврската за плаќање на надоместокот за пловидба во заштитеното подрачје настанува со денот на издавањето на дозволата за пловидба.

(8) Обврската за плаќање на надоместок за употреба на лого на заштитено подрачје на производи и услуги за комерцијална употреба настанува со денот на издавање на согласност од страна на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје на претходно доставено документирано барање од страна на правно лице.“

Член 41

По членот 164 се додава нов член 164-а, кој гласи:

„Надомест за извршени екосистемски услуги

Член 164-а

(1) Плаќањето на екосистемските услуги се уредува преку преговори и се врши врз основа на постигнат договор.

(2) Субјектот кој управува со заштитеното подрачје склучува договори за наплата на надоместок за извршени екосистемски услуги со сите вршители на дејност кои имаат корист од екосистемските услуги, уживаат предност од заштитата и управувањето на природата во заштитеното подрачје, односно користи од заштитата на природата.

(3) Наплатата на средствата од надоместокот за извршени екосистемски услуги ја врши субјектот кој управува со заштитеното подрачје, согласно со договорот од ставот (1) на овој член.

(4) Субјектите кои управуваат со заштитеното подрачје се должни да се грижат за обезбедување на соодветната екосистемска услуга на континуирана основа и истата да ја генерираат на специфично ниво утврдено со договорот од ставот (1) на овој член.

(5) Обезбедувањето на екосистемската услуга е предмет на континуиран мониторинг од страна на корисникот или корисниците на екосистемските услуги кои доброволно пристапиле кон склучување на договорот од ставот (1) на овој член.“

Член 42

Во членот 165 ставот (1) се менува и гласи:

„Средствата од надоместоците од членот 161 точки 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 на овој закон, се приход на субјектите задолжени за управување со заштитеното подрачје, а

се користат за вршењето на работите на заштита и управување со природата во заштитеното подрачје во кое се наплатени.“

Ставовите (2) и (3) се бришат.

Член 43

Членот 166 се менува и гласи:

„(1) Надоместоците од члento 161 точки 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на овој закон ги определува органот кој управува со субјектот што управува со заштитеното подрачје, врз основа на претходна согласност од Владата на Република Македонија по предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

(2) Надоместокот од членот 161 точка 9 на овој закон се утврдува во спогодбите за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјектите кои вршат дејност или активност на територијата на заштитеното подрачје од членот 163 став (6) на овој закон, врз основа на претходна согласност од Владата на Република Македонија по предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

(3) Надоместокот од членот 161 точка 10 на овој закон се утврдува во договорот склучен меѓу субјектот кој управува со заштитеното подрачје и корисникот на логото на заштитеното подрачје, кој ги определува органот кој управува со субјектот што управува со заштитеното подрачје, врз основа на претходна согласност од Владата на Република Македонија по предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

(4) Надоместокот од членот 161 точка 12 на овој закон се утврдува во договорот склучен согласно со членот 164-а од овој закон.“

Член 44

Членот 167 се менува и гласи:

„Наплатата на средствата од надоместоците од членот 161 став (1) точки 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 на овој закон ја вршат субјектите кои управуваат со заштитените подрачја.“

Член 45

Во членот 170 став (1) точка 1 по зборовите: „дипломиран биолог - еколог“ се додаваат зборовите: „дипломиран биотехнолог“.

Член 46

Во членот 172 по точката 11 се додава нова точка 12, која гласи:

„12) спроведување на програмата за управување со шумските екосистеми;“.

Точките 12 и 13 стануваат точки 13 и 14.

Член 47

Во членот 173 по ставот (1) се додаваат четири нови става (2), (3), (4) и (5), кои гласат:

„(2) Државните инспектори привремено ќе одземат опрема, уреди, производи и апарати кои биле користени во извршувањето на кривичните дела или прекршоците.

(3) За одземените примероци од ставот (1) точка 11 и предмети од ставот (2) на овој член инспекторот за животна средина издава потврда за привремено одземање на примероците, односно предметите.

(4) За одземените примероци државните инспектори се должни да се грижат и да обезбедат услови за чување согласно со видот на примероците.

(5) Одземањето на предметите и постапувањето со истите се врши во согласност со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.“

Член 48

По членот 173 се додаваат два нови члена 173-а и 173-б, кои гласат:

„Член 173-а

Постапка за едукација

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот инспектор, утврди дека е сторена неправилност од членовите 183-а став (2) точки 1, 2 и 3, 183-а став (3) точки 1 и 2 и 183-а став (4) точка 1 на овој закон за прв пат, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за животна средина, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку државниот инспектор при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку државниот инспектор при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, на сторителот на прекршокот е должен да му предложи постапка за порамнување пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

(9) Државниот инспекторат за животна средина води единствена евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Член 173-б

Извештаи

Државниот инспектор е должен да води евиденција за надзорите и увидите, извршени на правните и физичките лица за кои изготвува квартален извештај и истиот го објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.“

Член 49

Во членот 174 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборвите: „и Законот за инспекцискиот надзор“.

Член 50

По членот 174 се додава нов член 174-а, кој гласи:

„Член 174-а

Постапка по жалба

(1) Жалба против решението на државниот инспектор може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за одлучување по жалба формирана согласно Законот за животната средина.

(2) Жалбата против решението од ставот (1) на овој член не го одлага извршувањето на решението.“

Член 51

Во членот 181 став (1) точка 26 на крајот од реченицата сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 27 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзник „и“ и се додава нова точка 28, која гласи:

„28) презема активности кои можат да доведат до уништување или значајно или трајно оштетување, како и загуба на видовите и/или живеалиштата заради кои подрачјето е идентификувано како еколошки значајно подрачје (член 53 став (5)).“

Член 52

Во членот 182 став (1) точка 30 на крајот од реченицата сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 31 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзник „и“ и се додава нова точка 32, која гласи:

„32) стопанисува со шумските екосистеми спротивно на Програма за управување на шумските живеалишта и екосистеми во заштитените подрачја (член 54 став 1)).“

Член 53

Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон на сите чувари во заштитените подрачја ќе им биде издадена службена легитимација, а службената униформа во рок од една година.

Чуварите кои до денот на влегувањето во сила на овој закон работат помалку од две години како чувари во заштитено подрачје, се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон за го положат стручниот испит.

Член 54

Чуварите кои до денот на влегувањето во сила на овој закон работат како чувари во заштитените подрачја подолго од две години ќе се смета дека го положиле испитот од членот 108 на овој закон за што ќе им се издаде соодветна исправа согласно со актот донесен врз основа на членот 108 став (5) од овој закон.

Член 55

Поблиските прописи на овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.



www.pravdiko.com

Прописите од членот 173-а на овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 56

Постојните субјекти кои управуваат со строг природен резерват се должни да донесат план за управување со строгиот природен резерват во рок од една година од денот на влегувањето во сила во овој закон.

Член 57

Започнатите постапки за прогласување на заштитените подрачја до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите на Законот за заштита на природата (“Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 14/2006, 84/2007 и 35/10).

Започнатите постапки за инспекциски надзор до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите на Законот за заштита на природата (“Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 14/2006, 84/2007 и 35/10).

Член 58

Одредбите од членот 50 на овој закон ќе започнет да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за инспекцискиот надзор.

Член 59

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на природата.

Член 60

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.com